Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-3132/14
Скопје/Shkup________година/viti
25-04-2025

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 52 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024), ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидат по Интерен оглас број 1/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Јавното претпријатие за државни патишта број 04-3132/7 од 08.04.2025 година

I. За пополнување на работно место со унапредување во Јавното претпријатие за државни патишта, по објавениот Интерен оглас број 1/2025, за работно место Р**аководител на сектор за финансии,** со шифра КДР0102Б02048, 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:

- **Маја Тасковска Петрушевски**

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција во постапката за унапредување формирана со Решение број 04-3132/10 од 16.04.2025 година, по објавениот Интерен оглас број 1/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Јавното претпријатие за државни патишта број 04-3132/7 од 08.04.2025 година, спроведе постапка во согласност со Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот за поднесување на пријава за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на РМ" бр.11/15 и 35/18 и „Службен весник на РСМ" бр.303/20).

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на ден 17.04.2025 година година во просториите на Агенцијата за администрација изврши административна селекција за интерниот оглас и изготви Записник број 04-3132/11 од 17.04.2025 година, а на ден 22.04.2025 година во просториите на Јавното претпријатие за државни патишта од страна на ВД Директорот се спроведе интервју со кандидатот кој беше уредно поканет на интервју и се изготви Записник број 04-3132/12 од 22.04.2025 година. Согласно истото, Комисијата до ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави финална ранг листа.

Врз основа на наведеното, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на на приемот на оваа Одлука.

ВД Директор
Коце Трајановски

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Одделение за човечки ресурси и општи работи
- Именуваниот
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал/Одобрил: Даниела Тасевски